| | |
|---|---|
| **Неделна Тема** | Сонцето живот значи |
| **Содржина на денот** | Сонце мило |
| **Возраст** | 3 – 4 години |
| **Воспитувач** | Александра Дедес Трајковски |
| | **Дневни активности** |
| **Здрави и безбедни навики** | Усвојување на здрави и безбедни навики при користење на ликовните материјали.<br>Поттикнување на детето за учество во креативни активности. |
| **Активности** | Пред да започнете со реализација на активноста, најдобро би било на детето да му презентирате и покажете фотографии и апликации од сонце. Разговарате: кога има сонце, каква боја е, каква е неговата форма итн.<br>Откако ќе завршите со разговорот, може да започнете со една креативна активност преку која ќе се развива и фината моторика кај детето, а тоа е да изработите сонце преку мозаично лепење со жолта хартија во боја.<br>За оваа активност ќе ви биде потребно: лист од блок на кој ќе имате нацртано сонце, ножички, лепило, жолта хартија во боја, (види слики во прилог).<br>Од детето треба да побарате да лепи од жолтата хартија во боја (парчиња) врз нацртаното сонце.<br>Секогаш поттикнувајте го детето и охрабрувајте го зададената задача да ја заврши докрај.<br>Ви посакувам успешна и радосна активност со Вашето дете. |